МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

**за учество на граѓански организации во Работната група на техничко ниво за подготовка на Националниот акциски план за Европската гаранција за децата** (2026–2030)

1.Цели на **јавниот повик**

Целта на овој јавен повик е обезбедување учество на граѓанскиот сектор во процесот на подготовка на Националниот акциски план за Европската гаранција за децата, преку избор на двајца претставници од граѓански организации со релевантно искуство и експертиза во областа на правата и благосостојбата на децата.

2.ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат граѓански организации кои:

- се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации;
- имаат најмалку **три години активно делување**;
- имаат докажано искуство во една или повеќе од следните области:
  - права на детето;
  - социјална заштита;
  - детска сиромаштија и социјална исклученост;
  - ран детски развој и образование;
  - здравствена заштита и ментално здравје на деца;
  - инклузија на деца од ранливи групи (деца со попреченост, деца Роми, деца од сиромашни семејства и сл.).


Министерство социјална политика, демографија и млади
Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

## 3.КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

При изборот ќе се земат предвид следните критериуми:

- релевантност на мандатот и активностите на организацијата;
- професионално искуство и експертиза на предложениот претставник;
- искуство во учество во работни групи, политики и/или анализи;
- познавање на национални и европски политики поврзани со децата;
- способност за активен и континуиран придонес во работата на Работната група.

## 4.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА УЧЕСТВОТО

Избраните претставници:

- ќе учествуваат во работата на Работната група на техничко ниво;
- ќе придонесуваат со експертски мислења, предлози и анализи;
- ќе учествуваат на редовни и вонредни состаноци на Работната група.

Учеството трае за периодот на изработка на Националниот акциски план за Европската гаранција за децата (2026–2030).

## 5. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

За пријавување потребно е да се достави:

1. Пополнета пријава (кратко мотивациско писмо);
2. Кратка биографија (CV) на предложениот претставник;
3. Краток опис на релевантното искуство на организацијата;
4. Решение за регистрација на организацијата (копија).

## 6. НАЧИН И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИ

Пријавите се доставуваат **во архивата на Министерство за социјална политика демографија и млади** со назнака:


Министерство социјална политика, демографија и млади
Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

„Јавен повик – Националниот акциски план за Европската гаранција за децата (2026–2030 )"

Рокот за поднесување на пријави е 5 дена од денот на објавувањето на јавниот повик на официјалната веб страница на Министерството за социјална политика, демографија и млади https://www.mtsp.gov.mk/

7. ИЗБОР

Изборот на претставниците ќе го изврши Министерството за социјална политика, демографија и млади, врз основа на утврдените критериуми.


Министерство социјална политика, демографија и млади
Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk